# ИЗВЕШТАЈ

## од спроведена самоевалуација на

## ООУ „Кирил и Методиј“, Стајковци

## за период 2022-2024 година

**директор:**
Елена Антонова
antonova_iv@yahoo.com

**јуни, 2024 година**

**ООУ„Кирил и Методиј“- Стајковци**
**Адреса: ул: „6“ бр.1, Општина Гази Баба, Скопје**
**Телефон/факс: 02 / 2553-546, coukirilimetodij@yahoo.com https://www.oouкirilimetodij.edu.mk**

# *Извештај од самоевалуација*

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20), член 129, основното општинско училиште „Кирил и Методиј“, од Стајковци, Општина Гази Баба, изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2022 до 2024 година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 26.08.2022 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав:

1. Маја Цекова - предметен наставник
2. Габриела Постоловска - одделенски наставник
3. Емилија Георгиевска - стручен соработник
4. Тасим Фазли - одделенски наставник од ПУ
5. Евгенија Илиевска - Совет на родители

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот од 2022 до 2024 година, односно за учебните 2022/2023 и 2023/2024 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 нови тимови за 4 клучни подрачја (предвидени со новите Индикатори за оценува на квалитет на основните училишта) во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| Подрачје | Членови на тимот |
|---|---|
| **1. Планирање, настава и учење** | Анета Кузмановска – одговорен на тимот<br><br>Емилија Трајкова — Вјоса Елези<br>Вера Стојановска — Јасминка Ангелевска<br>Александра Накевска — Елена Темелкоска<br>Северџан Касами — Илфие Емини<br>Јасмина Јездиќ — Ана Тасевска<br>Ќамуран Саќипи — Зејнуре Мемети<br>Ивона Додевска |
| **2. Постигања на учениците** | Адријана Сандева – одговорен на тимот<br><br>Марина Димоска — Имране Кривца<br>Сание Гани — Ели Чочова<br>Биљана Оливеровска — Габриела Постоловска<br>Дијана Илиевска — Амир Мамути<br>Валентина Николовска — Дарко Костовски<br>Александар Тасевски |

| | |
|---|---|
| **3. Училишна клима и односи во училиштето** | Маја Цекова – одговорен на тимот<br><br>Маја Медарска Габриела Андовска<br>Теута Хаскај Војника Рејхане Мемети<br>Весна В. Ангелковска Марија Димитрова<br>Огнен Симиќ Јасмина Милошевски<br>Верица Миладиновиќ – Кировска Филип Мојсовски |
| **4. Управување и раководење** | Емилија Георгиевска– одговорен на тимот<br><br>Јасмина Анакиоска Музафера Шабани<br>Славица Анчевска Габриела Јорданов<br>Тасим Фазли Биљана Арсова<br>Марија Митреска Благица Србиновска<br>Сабир Ајрула |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 28.06.2024 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

## Подрачје 1: Планирање, настава и учење

**Опис/резиме на подрачјето**

Училиштето има пропишани приоди и утврдени процедури за планирање, поддршка, следење на планирањето на наставата и давање поддршка за подобрување од страна на директорот, стручна служба и тимот за професионален развој. Училиштето им обезбедува навремена обука на наставниците и стручните соработници за примена на

современи методи и техники за планирање на наставата.
Наставни планови и програми кои ги изготвуваат наставниците се во согласност со донесените програмски документи од МОН и во целост се реализираат во пропишаниот обем. Во наставните содржини, наставниците вклучуваат еколошки теми, часови со интегрирани цели од МИО, ненасилство и професионална ориентација.
Изборните/слободните изборни активности и предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците.
Сите наставници, задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. Притоа, наставниците користат различни приоди и ресурси за учење и настава, користејќи современи приоди во наставата како: искуствено учење, учење преку проект, учење преку решавање проблеми, учење преку игра, учење преку истражување, примена на дигитални алатки и програми итн. За учениците со посебни образовани потреби се користат методи и техники според нивните потреби.
Во училиштето наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање, притоа обезбедуваат еднакви можности за вклучување и ги вклучуваат сите ученици за време на наставните часови.
Инклузивниот тим на училиштето и инклузивниот тим на ученикот се формирани со Решение/Одлука на директорот на училиштето и редовно се ажурираат при истекот на мандатот или промена на наставници на ученикот со ПОП. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно со законската регулатива. Со учениците со посебни образовни потреби се реализира настава/воннаставни активности, како и оценување според ИОП и/или модифицирана програма според препораките од МКФ. Училиштето активно соработува со надлежниот ресурсен центар за унапредување на наставата за учениците со попреченост. Наставниците и стручните соработници се обучени да планираат и да реализираат настава со ученици со ПОП. Училиштето обезбедува услови за учество на учениците со посебни образовни потреби во воннаставни активности согласно со нивните интереси.
Учениците со попреченост кои имаат потреба од лична и/или образовна асистенција се идентификуваат навремено и се доставува барање за соодветна поддршка. Наставниот кадар успешно соработува со образовните асистенти со цел за најдобар интерес на ученикот.
Во училиштето има добри примери на активности преку кои се негува меѓуетничката интеграција во образованието.
Учениците во училиштето имаат пристап до различни материјали за учење. За време на часовите, учениците се поттикнати самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат.
Училиштето има изготвено политика за оценување, вклучувајќи и кодекс за оценување, чија основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик. Наставниците користат различни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците.
Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги изразуваат потребите и интересите на учениците. Организира училишни натпревари за селекција на ученици за натпревари на повисоко ниво. Учениците од централното

училиште учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) или на меѓународно ниво, како и во други активности со натпреварувачки карактер.

**Силни страни**

- Наставен кадар кој користи разновидни наставни форми и методи соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење;
- Училиштето се доживува од страна на учениците и родителите како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење;
- Училиштето го применува принципот на демократско учество на учениците;
- Учениците и наставниците заеднички работат на различни проекти во и надвор од училиштето;
- Учениците учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) или на меѓународно ниво, како и во други активности со натпреварувачки карактер.

**Слаби страни**

- Училиштето нема дополнителни простории за реализација на воннаставни активности предвидени со Законот за наставници и Концепцијата на воннаставните активности во основното образование;
- Мал број ученици од подрачното училиште земаат учество на натпревари;
- Во подрачното училиште во Страчинци нема услови за изведување на наставата по ФЗО.

**Приоритети**

- Поголемо учество на учениците во планирањета и вклучување на сите ученици во воннаставните активности;
- Креирање постапки за мотивирање и селекција на ученици од подрачното училиште кои ќе учествуваат на натпревари;
- Поголема работа со учениците кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети, односно талентираните и надарените ученици;
- Изградба на фискултурна сала или простор за реализација на наставата по ФЗО во подрачното училиште.

## Подрачје 2: Постигања на учениците

**Опис/резиме на подрачјето**

Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по пол и етничка

припадност по сите наставни предмети, по класификациони периоди и по учебни години. Континуирано ги следи постигањата на учениците и ги изнесува на Советот на предметните наставници, Советот на одделенските наставници и Наставничкиот совет, Советот на родители.

Училиштето и наставниците континуирано ги следат постигањата на учениците во воннаставните активности и уредно се води евиденција. На Наставничкиот совет се дискутира и разгледува успехот на постигањата на учениците по одделни предмети и одделенија и се предлагаат активности за подобрување на истиот. Училиштето редовно и континуирано го следи напредокот, усвоеноста на стандардите по одделни наставни предмети, во различни временски периоди и истите ги споредува. Преку следење на напредокот на учениците, набљудување и проценка од страна на наставниците и стручнатата служба, преку разговори со одделенските раководители и родителите се идентификуваат учениците со тешкотии во учењето, надарените ученици и учениците со попреченост преку психодијагностички инструменти и истите добиваат соодветна поддршка од училиштето. Известување на родителите за постигања на учениците, училиштето редовно го врши преку родителски состаноци на крајот на секој класификационен период, индивидуални средби со родителите, Совет на родители, приемни денови на наставници, евидентни листови, е-дневник, свидетелства и додаток на свидетелства. Во училиштето редовноста на учениците се следи во текот на целата учебна година во електронски дневник. Истата се анализира по класификациони периоди. Деца имаат мал број на изостаноци и мал број на родители се упатуваат на советување. Учениците кои изостануваат од настава 30% од вкупниот фонд на часови се упатуваат на полагање на одделенски испит. Најголемиот број отсуства е поради болест. Во претходните две учебни години во нашето училиште нема ученици упатени на одделенски испит.

Во училиштето се врши советувањето на родители со цел развивој на свеста за потребата од унапредување на родителските вештини, кои позитивно влијаат на квалитетот на животот на ученикот и неговите постигања. Се воспоставуваат начини за вклученоста на родителите во училишниот живот има позитивно влијание врз целокупниот развој, успехот и однесувањето на ученикот.

Наставниците изнаоѓаат разни начини на користење различни методи, форми и техники за работа со учениците за подобрување на постигањата на учениците. Редовно се вршат анализи за постигањата на учениците по класификациони периоди по сите наставни предмети. Добиените извештаи даваат насоки за понатамошна работа со учениците на часовите од редовна и дополнителна настава.

**Силни страни**

- Наставниците преземаат конкретни мерки за подобрување на успехот на учениците преку дополнителна настава како и преку користење на различни методи, форми и техники за работа со учениците.
- Во централното училиштето се идентификуваат талентираните ученици кои со помош на стручната служба и наставниците добиваат индивидуална поддршка за развивање и зајакнување на нивните капацитети во процесот на учење;
- Наставниците обезбедуваат поддршка на учениците со пречки во развојот преку индивидуален пристап во поглед на развивање и зајакнување на нивните

функционалности, капацитети, можности и потреби.
- Училиштето има развиен систем и организира заеднички активности (наставни и воннаставни) со ученици од мешан етнички состав во рамките на училиштето или во партнерство со училиште од друг наставен јазик. Училиштето бележи постојан раст на бројот на вклучени ученици од мешан етнички состав во заедничките активности.
- Училиштето има развиено систем за наградување, пофалување и избор на првенец на генерација кој постојано се усовршува.
- Училиштето има механизам за редовно евидентирање на изостаноците на учениците според кој може да се заклучи дека редовноста на учениците е на високо ниво.

**Слаби страни**

- Училиштето не располага со доволен број на просторни капацитети за реализација и планирање на воннаставни активности и слободните ученички активности предвидени со Законот за наставници и Концепцијата на воннаставните активности во основното образование.
- Во училиштето не се реализира кабинетска настава за реализација на воспитно – образовниот процес.

**Приоритети**

- Обезбедување дополнителни простории за реализирање додатна, дополнителна настава, слободни ученички активности и воннаставни активности.
- Воведување кабинетска настава за осовременување на воспитно-образовниот процес

## Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

**Опис/резиме на подрачјето**

Училиштето е препознатливо во локалната средина како училиште кое промовира високи постигања, редовност, дисциплина на учениците и соработка со локалната заедница. Има кодекс на однесување во кој се поставени принципите и правилата на однесување во училиштето на сите структури, како и куќен ред кој го почитуваат учениците и вработените. Постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности.
Во училиштето функционира Ученички парламент  и ученички правобранител кој се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците и реализира активности за запознавање на учениците со неговите надлежности во однос на заштита на детските права.

Училиштето промовира еднаков и правичен третман кон сите ученици. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето им се достапни на

родителите во пишана и/или електронска форма. Активно е вклучено во животот на општината и урбаната заедница преку спроведување заеднички проекти, активности и организирање и учество на настани од интерес на училиштето и заедницата.

Училиштето има протокол во кој се дефинирани сите облици на насилство и начините на постапување.
Во училиштето се води грижа за хигиената, има програма за превенција од заразни болести и сите вработени и ученици редовно вршат систематски прегледи. Во училишната зграда постои план за евакуација кој е поставен на видно и пристапно место и еднаш годишно се врши симулација за брзо напуштање на зградата во случај на елементарни непогоди и друга опасност. Училиштето ги идентификува и обезбедува материјални средства за учениците од социјално загрозени семејства.

Стручната служба во училиштето има механизми за препознавање на социоемоционалните тешкотии кај учениците.
Училиштето навремено им обезбедува на учениците јасни и точни информации за можностите за продолжување на образованието.

**Силни страни**

- Промовирање на сите активности во локалната заедницаод страна на локални медиуми, фан страна и веб страна училиштето.
- Постои успешна соработка со партнер училишта од Ерасмус + проекти преку мобилности, размена на искуства и идеи и активности на учениците од нашето училиште со врсници од партнер училиште.
- Во училиштето постои соработка меѓу вработените, учениците и другите инволвирани во наставниот процес и подеднакво се третираат и почитуваат сите структури.
- Училиштето води грижа за учениците кои потекнуваат од социјално-загрозени семејства, преку обезбедување материјални средства за нормално следење на наставата (книги, тетратки и други потребни училишни материјали, ужинка и сл.) и учеството во вон-наставните активности (екскурзии, приредби, натпревари).
- Училиштето има во воспоставено механизам за правилна примена на педагошките мерки во случај на прекршување на принципите и правилата.
- Претставници од Ученички парламент редовно присуствуваат на состаноците на Наставнички совет, Совет на родители и Училишен одбор и даваат свој придонес.
- Дел од училишната култура е и хуманиот пристап кон сите на кои им е потребна помош преку организирање и спроведување хуманитарни акции со цел да се подигне свеста кај учениците за меѓусебна почит и еднаквост, емпатија и ненасилно однесување и разрешување конфликти.
- Училиштето превзема голем број активности за да ги поттикне родителите и локалната заедница да се вклучат во наставниот процес и воннаставните активности.

**Слаби страни**

- Училиштето недоволно ги вклучува родителите/старателите и наставниците во изготвувањето на кодексот на однесување;
- Дел од наставниот кадар и родителите сметаат дека треба да имаат поголемо учество во спроведување на заеднички проекти со Општината кои се од интерес на училиштето и заедницата. Училиштето остварува соработка со општината и урбаната заедница само во рамките на формалните законски обврски;
- Мислењата и ставовите на родителите/старателите во ретки случаи влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето. Нема практика родителите да даваат идеи за подобрување на воспитно-образовниот процес во училиштето.

**Приоритети**

- Вклучување на учениците во планирањето на активностите и донесувањето одлуки во училиштето.
- Вклучување на родителите и наставниците во изработка / ажурирање на Кодексот за однесување во училиштето.
- Вклучување на родителите/старателите во заеднички активности, едукации и работилници за запознавање со правата и обврските на децата.
- Мислењата и ставовите на родителите/старателите да влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето.
- Поголемо учество во спроведување на заеднички проекти со Општината кои се од интерес на училиштето и заедницата.

## Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

**Опис/резиме на подрачјето**

Управувањето и раководењето со училиштето е многу добро. Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива. Работата на Училишниот одбор е јасно дефинирана со деловникот за работа на училишниот одбор и е транспарентна. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Сите членови на училишниот одбор се запознаваат со надлежностите.
Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во работата на училиштето. Тој работи тимски при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет. Новините во образованието ги имплементира на ниво на училиште. Континуирано ги следи акциските планови за реализација на развојната програма. Воспоставува партнерства со непосредната локална средина, деловната средина и граѓанските организации. Директорот го вклучува училиштето во регионални и меѓународни училишни мрежи.
Директорот има јасен план и распоред за максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. Сместувањето и просторните капацитети се многу добри.

Училишната библиотека/медиатека располага со повеќе од 35 книги по ученик, вклучувајќи ги и лектирните изданија, пропорционално застапени според наставните јазици што се изучуваат во училиштето. Библиотечната евиденција се води во согласно законската регулатива.
Училиштето има соодветен наставен кадар за реализација на сите наставни планови и програми, како и стручни соработници со исклучок на неколку наставници кои не се со соодветно образование по одредени предмети во ПУ Страчинци поради непостоње соодветен кадар од Бирото за вработување. Во училиштето функционираат механизми за замена на наставник и надополнување на наставата во случаи на краткорочно и долгорочно отсуство.
Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници е изготвена врз основа на нивните лични развојни планови. Постои практика секоја година да се врши дисеминација на базичните обуки. Училиштето организира и ги вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, согласно со потребите на кадарот, образовните реформи и современтите образовни текови. Директорот ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот.
Во училиштето во учебната 2022/23 имаше воспоставени внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот што внесува ефективни иновации во работата додека во учебната 2023/24 не беа воспоставени внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот што внесува ефективни иновации во работата. Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја.
Училиштето има пропишана процедура за организација и реализација на приправничкиот стаж.
Училиштето има пропишани процедури за донесување училишни политики, во кои се вклучени вработените, учениците, училишните структури и останатите чинители.
Училиштето континуирано ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето.
Целите во развојната програма се конкретни, остварливи и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и интегралната евалуација на училиштето. Училиштето има акциски планови за постигнување на резултати од поставените цели.
Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и има изработено финансиски план секоја календарска година за распределување на финансиските средства. Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето. Буџетот се користи наменски и за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина. Финансискиот план е одобрен од Училишниот одбор и Советот на општината.

**Силни страни**

• Училишниот одбор редовно и транспарентно ги објавува сите донесени одлуки;
• Училишната библиотека е достапна за сите ученици и е солидно опремена со книжен фонд;
• Наставниците учествуваат во интерни и екстерни обуки согласно планот за професионален развој и се врши дисеминација на останатиот наставен кадар;

• Тимот за професионален развој изготвува и реализира план за ппрофесионален развој на наставниците и стручните соработници;
• Училиштето е активно вклучено во животот на локалната и деловната заедница преку спроведување заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата, регионални и меѓународни проекти;
• Буџетски приоритети се тесно поврзани со образовните цели и се однесуваат на образовните цели за подобрување на квалитетот на наставата и учењето и развојот на училиштето во целина.
• Помеѓу вработените во училиштето, учениците, родителите и локалната заедница има воспоставено партнерски односи кои придонесуваат за позитивно влијание врз работата на училиштето и остварување на целите.

**Слаби страни**

• Во учебната 2023/24 не беа воспоставени внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот што внесува ефективни иновации во работата;
• Наставниците и родителите не се запознаени како се троши буџетот на училиштето;
• Според нормативите на наставен кадар, неколку наставници не се со соодветно образование по одредени предмети во ПУ Страчинци поради непостоење соодветен кадар во Агенцијата за вработување;
• Училиштето во ПУ Страчиници нема фискултурна сала за реализација на наставата по физичко и здравствено образование.

**Приоритети**

• Воспоставување внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот што внесува ефективни иновации во работата за поголема мотивација на кадарот;
• Воспоставување механизми за запознавање на наставниците и родителите со буџетот на училиштето;
• Изградба на фискултурна сала во ПУ Страчиници.

*Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето*

► Поголема и поефективна работа со учениците кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети, талентираните и надарените ученици;

► Изградба на фискултурна сала во подрачното училиште;

► Целосно искористување на просторните капацитети на училиштето за реализација и планирање на вонnаставни активности и слободните ученички активности;

► Воведување кабинетска настава за осовременување на воспитно – образовниот процес;

► Обезбедување дополнителни простории за реализирање додатна, дополнителна настава, слободни ученички активности и воннаставни активности;

► Вклучување на родителите и наставниците во изработка / ажурирање на Кодексот за однесување во училиштето;

► Мислењата и ставовите на родителите/старателите да влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето;

► Поголемо учество во спроведување на заеднички проекти со Општината кои се од интерес на училиштето и заедницата;

► Воспоставување внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот што внесува ефективни иновации во работата за поголема мотивација на кадарот.

► Запознавање на наставниците и родителите со буџетот на училиштето;

**Комисија**

1. ***Маја Цекова - предметен наставник***
2. ***Габриела Постоловска - одделенски наставник***
3. ***Емилија Георгиевска - стручен соработник***
4. ***Тасим Фазли - одделенски наставник ПУ***
5. ***Евгенија Илиевска - Совет на родители***

**директор:**

Елена Антонова

______________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
КИРИЛ И МЕТОДИЈ
Бр. 02-22/15
15.07. 2024 год.
Стајковци, Гази Баба, Скопје

Врз основа на член 108 и член 129 став 4 од Законот за основно образование (Службен весник на Република Северна Македонија број 161/2019 и 229/2020), Училишниот одбор на ООУ „Кирил и Методиј“- Стајковци, на својата редовна седница одржана на ден 15.07.2024 година донесе:

**ОДЛУКА**
***за усвојување на Извештајот од извршената самоевалуација на ООУ „Кирил и Методиј" Стајковци за учебните 2022/2023 и 2023/2024 година***

Член 1

Врз основа на член 129 став 4 од Законот за основно образование, Училишниот одбор на Општинското сновно училиште „Кирил и Методиј“- Стајковци, на својата редовна седница го разгледа и едногласно го усвои Извештајот од Комисијата за извршената самоевалуација за квалитетот на работата на училиштето во воспитно-образовниот процес.

Член 2

Извештајот од извршената самоевалуација се однесува за учебните 2022/2023 и 2023/2024 година.

Член 3

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

Претседател на Училишен одбор
на ООУ „Кирил и Методиј“Стајковци
Евгенија Илиевска